Балканската мрежа за развој на граѓанско општество (БЦСДН) го одржа основачкото собрание на 6 јули во Скопје, Македонија. Осум години откако беше иницирана како пилот проект и повеќе од пет години од нејзината трансформација во мрежа, БЦСДН и формапно стана правен субјект со 11 основачи – граѓански организации. Беа усвоени и главните акти, Статут и Стратегиска ориентација 2009 – 2011 и беа избрани следниве органи, Совет, Одбор и Извршен директор.



За членови на Одборот беа избрани:

- Горан Ѓуровиќ (Претседавач) Извршен директор, ЦРНВО, Црна Гора;
- Тина Микиели (Заменик претседавач) Раководител на проект, ЦНВОС, Словенија;
- Миљенко Дерета, Извршен директор, Граѓански иницијативи, Србија;
- Венера Хајрулаху, Извршен директор, КЦСФ, Косово;
- Сашо Клековски, Прв извршен директор, МЦМС, Македонија;
- Александар Кржаловски, Извршен директор, МЦМС, Македонија.

На собранието беше потврдено дека Секретаријатот на мрежата ќе продолжи да работи во рамките на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Сегашниот координатор Тања Хафнер Адеми беше избрана за Извршен директор на БЦСДН.

www.balkancsd.net